Владислав БАЈАЦ
Владислав БАЈАЦ

# АМАМОТ БАЛКАНИЈА
АМАМОТ БАЛКАНИЈА

ЕДИЦИЈА
ПРОТЕЈ
ЕДИЦИЈА
ПРОТЕЈ

Наслов на оригиналот:
Владислав БАЈАЦ – **ХАМАМ БАЛКАНИЈА**

*Превод*
Александар Прокопиев

*Издавач*
МАГОР ДОО Скопје

© за македонското издание
МАГОР ДОО Скопје, 2010

*За издавачот*
М-р Павлина Аџи Митреска Лазаревска

Објавувањето на ова дело е поддржано од литературната мрежа ТРАДУКИ, чии членови се Сојузното министерство за европски и меѓународни работи на Република Австрија, Сојузната канцеларија за надворешни работи на Сојузна Република Германија, Швајцарската фондација за култура Прохелвеција, КултурКонтакт Австрија, Гете Институтот, Словенечката агенција за книги и Фондацијата С. Фишер.

The publication of this work was promoted by TRADUKI, a literary network, which the Federal Ministry for European and International Affairs of the Republic of Austria, the Federal Foreign Office of the Federal Republic of Germany, the Swiss Arts Council Pro Helvetia, KulturKontakt Austria, the Goethe-Institute, the Slovenian Book Agency and S. Fischer Foundation are members of.

Владислав БАЈАЦ

# АМАМОТ БАЛКАНИЈА

## роман и други приказни

МАГОР
2010

Владислав БАЈАЦ

АМАМОТ БАЛКАНИЈА

роман и други приказни

МАГОР
2010

*Сите имиња во оваа книга се измислени. Сите ликови исто така, вклучувајќи го и ликот на сезнајниот автор.*

*Сите имиња во оваа книга се измислени. Сите ликови исто така, вклучувајќи го и ликот на сезнајниот автор.*

# СОДРЖИНА / СОДРЖИНА

Амам или Вештина на живеењето . . . . . . . . . . . . . . . . . 11
Пред почетокот . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 13
Крај . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 19
Самиот почеток . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 21
Пред самиот крај . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 24
По почетокот . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 25
Пред крајот . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 28

Поглавје I . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 31
Поглавје 1 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 33
Поглавје II . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 36
Поглавје 2 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 38
Поглавје III . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 42
Поглавје 3 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 44
Поглавје IV . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 46
Поглавје 4 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 48
Поглавје V . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 50
Поглавје 5 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 54
Поглавје VI . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 56
Поглавје 6 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 64
Поглавје VII . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 70
Поглавје 7 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 74
Поглавје VIII . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 79
Поглавје 8 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 82
Поглавје IX . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 86
Поглавје 9 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 89

Поглавје X . . . . . . . . . . 96
Поглавје 10 . . . . . . . . . . 101
Поглавје XI . . . . . . . . . . 108
Поглавје 11 . . . . . . . . . . 113
Поглавје XII . . . . . . . . . . 118
Поглавје 12 . . . . . . . . . . 122
Поглавје XIII . . . . . . . . . . 124
Поглавје 13 . . . . . . . . . . 128
Поглавје XIV . . . . . . . . . . 131
Поглавје 14 . . . . . . . . . . 134
Поглавје XV . . . . . . . . . . 138
Поглавје 15 . . . . . . . . . . 143
Поглавје XVI . . . . . . . . . . 147
Поглавје 16 . . . . . . . . . . 149
Поглавје XVII . . . . . . . . . . 151
Поглавје 17 . . . . . . . . . . 153
Поглавје XVIII . . . . . . . . . . 156
Поглавје 18 . . . . . . . . . . 161
Поглавје XIX . . . . . . . . . . 164
Поглавје 19 . . . . . . . . . . 167
Поглавје XX . . . . . . . . . . 170
Поглавје 20 . . . . . . . . . . 176
Поглавје XXI . . . . . . . . . . 179
Поглавје 21 . . . . . . . . . . 183
Поглавје XXII . . . . . . . . . . 187
Поглавје 22 . . . . . . . . . . 193
Поглавје XXIII . . . . . . . . . . 196
Поглавје 23 . . . . . . . . . . 202
Поглавје XXIV . . . . . . . . . . 207
Поглавје 24 . . . . . . . . . . 211
Поглавје XXV . . . . . . . . . . 216
Поглавје 25 . . . . . . . . . . 219
Поглавје XXVI . . . . . . . . . . 224
Поглавје 26 . . . . . . . . . . 228



Аматот Балканија

Поглавје XXVII . . . . . . . . . . 234
Поглавје 27 . . . . . . . . . . 237
Поглавје XXVIII . . . . . . . . . . 242
Поглавје 28 . . . . . . . . . . 248
Поглавје XXIX . . . . . . . . . . 254
Поглавје 29 . . . . . . . . . . 260
Поглавје XXX . . . . . . . . . . 268
Поглавје 30 . . . . . . . . . . 275

По крајот (вода) . . . . . . . . . . 279
Крај на крајот . . . . . . . . . . 286
Post mortem: СТАТИСТИКА . . . . . . . . . . 291
Коџа Мимар Синан-ага . . . . . . . . . . 293
Хаџи Мехмед-паша Соколовиќ Високиот . . . . . . . . . . 295

Белешки . . . . . . . . . . 297

# Амам или Вештина на живеењето

*Сосем е веројатно дека прочуената синтагма „чудата на природата" ја смислил материјалистичкиот филозоф Епикур (341–270 г. пред н. е.). Еве и зошто: својата етика и човековата среќа ја засновувал на убедувањето дека „без познавањето на природата не може да се стекнат светлините на уживањето". Според него, најдобро е блаженото уживање. Да се имаат за цел овие постулати не се однесувало на вулгарните уживања на развратникот ниту пак на неумерените гастрономски задоволства, како што мислат неупатените, туку првенствено тоа значело отклонување на телесното страдање и душевно невознемирување.*

*Постигнувањето на душевно спокојство е засновано врз натуралистичка и индивидуална основа.*

*Епикуровата вера во хедонизмот била толку цврста што не можеле да ја разнишаат ни мрачните денови на распаѓањето на царството на Александар (на чијашто доскорешна величина и сила и Епикур бил сведок), а кои како последица имале сè освен уживање. И наспроти тоа, мислел дека „ништо не вредат зборовите на филозофот кои не ги лечат човековите страдања. Бидејќи како што е бескорисна медицината ако не е во состојба да ја истера болеста од телото, исто така бескорисна е и филозофијата ако не е кадарна да го истера страдањето од душата".*

*Значи, оној кој знае да ја избегне телесната болка и душевниот неспокој, оној кому сетилните уживања и духовните радости (споени во целина) му се највисока вредност на живеењето, оној, имено, кој ја познава вештината на живеењето, тој му припаѓа на епикурејското братство – одржано до денешен ден.*

*Неговдуховен татко е основачот на киренската школа Аристип (435–355 г. пред н. е.) од Кирена, најубавата и најнапредна хеленска населба во Либија. Пиндар ова место го опишал како ритче со извонредна позиција, полно со извори вода што вештачки ги наводнувале неговите терасести градини. Прекрасната околина ја украсувале насадите од маслинки, лози и надалеку прочуените мирудии, како и пространите пасишта со овци, кози и коњи од кои настанал прочуениот арапски сој. И покрај тешките борби со Египќаните и Либијците, Киренците ја одржале високоразвиената трговија која ја направила нивната*

*татковина една од најбогатите хеленски држави. Така нејзините жители не морале да ги трошат своите сили само на работа, туку станале вешти и во познавањето на раскошот и уживањето „кои доаѓаат од изобилството и рафинираното сфаќање на животот“. Место кое изгледа како антички прамодел на утописките градови-држави, а најмногу како општествата на Томас Мор и Томазо Кампанела.*

*Не е необично што мислителот кој го прогласил уживањето за главен принцип на животот, Аристип, се родил токму во Кирена. Но, останал далеку попознат како негов творец, иако под друг назив: хедонизам. Тој го прогласил задоволството за единствено добро, токму како што и болката ја сметал за единствено зло. Чувството на наслада, тврдел, се изразува во движењето: „Лесното движење на чувствата, слично на ветрот поволен за пловидба, е извор на задоволство; грубото движење на чувствата, слично на морската бура, е извор на незадоволство; отсуството на движење на чувствата, слично на тишината на морето, е извор на рамнодушност, еднакво туѓа и на задоволството и на незадоволството“. Но Аристип во никој случај не сметал дека е можно човек наполно да ѝ се потчини на потерата по моментални сетилни наслади; напротив, учел дека мудриот човек, раководејќи се од разумот, не им се потчинува на задоволствата, туку со нив господари. Овој став го потврдил со својот ни малку рамнодушен однос кон хетерата Лаида и со својата најпозната мисла: „Јас ја имам Лаида, но таа ме нема мене“.*

*Многу близок на овој став бил и етичкиот правец евдемонизам (според старогрчката божица на среќата и блаженството) што среќата и блаженството ги сметал за главен мотив, побуда и цел на сите наши тежнеења. Но, на сите видови на хедонизмот, од грубо сензуалниот до рационално духовниот, заеднички им е остро нагласениот индивидуализам.*

*Идната историја, настаната по овие хеленски „школи на уживањето“, покажала дека некои нејзини важни и запаметени творци, како и многу анонимни и во историјата незабележани поединци, низ целата грубост на своите животи и животите на своите народи и држави, се обидувале делумно да станат и да останат уживатели. Од срце се труделе да почувствуваат задоволство, па макар и во огромниот и апсурден опсег на сфаќањето на хедонизмот како уживање во својата или туѓата убавина или во својата или туѓата смрт.*

*Ако ништо друго, ја докажаа постојаноста на улогата на етичкиот релативизам.*



# ПРЕД ПОЧЕТОКОТ

Вишеград, како и секое друго место, има свој реален живот. Но, како ретко кое, има и свој заумен живот. Моето искуство со метафизиката на Вишеград започна во април 1977 година, на неговите приоди, пред да го здогледам првпат мостот на Дрина, што сигурно го направи вечен во историјата. Во моето тетратче за хаику песни, што сè уште го имам, тогаш запишав геопоетички коментар „врз песокот на Вишеград“ со песна што ја здогледав низ прозорецот на автобусот:

*Каменот меѓу*
*два бора патец*
*во шумата направил.*

Мојот домаќин и пријател од студентските денови, Жарко Чигоја, мислеше дека мостот на Мехмед-паша Соколија (Sokollu, прецизно турски) од 1571 година – Андриќевиот мост – е доволна добивка и уживање за таа прилика, па некои други знаменитости на своето родно гратче не ми ни покажа. Не ни претпоставуваше колку бев себичен, а всушност и несреќен што овој величествен мост морам да го делам со другите. Но, како можев да претпоставам дека упатувањето во тајните на вишеградската околина мора да се заслужи дури со идното искуство врз основа на кое би се умеело да се ужива во она што се нуди? Повторно тука станува збор за некое тајно братство. Морав да чекам цели дваесет и шест години да влезам во тоа братство! Се исплатеше. На чекање ме научи токму Иво Андриќ – читајќи го, повторно, на студиите по книжевност неговото ремекдело сè уште не бев во состојба да ја поврзам лектирата со животот: така бегло минав преку неговите податоци за зачетокот на ѕидањето на мостот – за неговата суштина – за „довлекувањето на камен од мадемите што беа отворени во ридиштата кај Бања, на еден час одење од касабата“. Па дури двата, макар книжевно, најважни мостови во целата Босна – овој на Дрина и оној на Жепа – се изградени од оној

ист бел камен од мојата хаику песна: со љубовта и парите на (потурчените, односно исламизираните Срби) Мехмед-паша Соколовиќ и Јусуф Ибрахим, а овековечени со скржавите и мудречки зборови на Андриќ, човекот кој на својот јунак му го припиша своето животно мото: *во молчењето е сигурноста*.

Кога му се пожалив на пријателот дека можеби малку сум пресушил во пишувањето, ми рече да не се грижам за ништо. Тој има сигурен лек против таа болест. Еве, токму сега во посета му доаѓа и турскиот писател Орхан Памук со иста дијагноза, па обајцата можеме заедно да се залечиме со неговиот рецепт.

Единствено што знаев за Бања, Соколовиќ бања, Вишеградска бања, како што уште ја нарекуваа, освен дека тука е наоѓалиштето на сига од која е граден и вишеградскиот мост, беше дека ова место на пет километри од гратчето е лековит извор. Врз него Мехмед-паша Соколовиќ, во длабока старост, 1575 година, изградил амам со кубе, сакајќи (уште) нешто да му подари на својот роден крај. Во една брошура од 1934 прочитав дека оваа радиоактивна вода (на надморска височина од преку четиристотини метри) лечи ревматизам, невралгија и женски болести. Во неа се кажува дека бањската вода необично добро влијае врз жените неротки. „Кога жената неротка убаво ќе се избања, па по неколку месеци ќе се породи, целото суеверно село сомничаво врти со главата и зборува: богами, да не се бањаше и да не баеше, немаше да има ни пород...“

Така и јас се упатив преку густата шума до амамот што, според ретката трева со волшебен изглед којашто само тука расте, го нареков Самовилски коси. Ме радуваше средбата со стариот познајник Орхан Памук, најпознатиот турски писател, родум од Стамбол. Малку ме чудеше што и тој страда од нераѓање зашто беше познат по обилното пишување. Ако случајно во некој период од својот писателски живот и не објавуваше книги пречесто, затоа следната по објавувањето ќе се покажеше како многу крупно бебе.

Јас деца раѓав поретко, и најчесто беа со средна тежина. Таков ми беше ритамот. Но последнава година не зачнав ниту едно, па сериозно се загрижив. Затоа појдов да го сретнам каменот што раѓаше вода: таквата плодност ми ја враќаше вербата. Каменот на којшто стапнав е мазнет повеќе од четири века! Камен во боја на трева и мов! Вода, жешка, а не врела, токму онака до рајската топлина. И





тело што се претвора во дух! Жив, а мртов! Памук и нашиот домаќин се обидуваат да разговараат низ водената магла, но зборовите исчезнуваат во стаклените прозорци на кубето и губат секаква смисла. Стануваме јунаци (мајмуни) од филмот со суфиски наслов *Барака* на режисерот Рон Фрик, кои стоејќи во место пловат по површината што се претвора во слаба магла и преминува во друга агрегатна состојба, повлекувајќи го со себе и секој интелектуализам. Капаците се склопуваат, но очите не заминуваат во сон. Кога ќе стане опасно, се оттурнувам низ силната вода, под дебелиот млаз што јурнува од планината во овој малечок базен, сега преку мојот грб. Истепан сум како никогаш досега. А среќен, до глупавост. Тука се сретнуваат кабалата, зенот, суфизмот, православната аскеза, католичкото бришење на стравот од грев, уметничкиот ислам... Како што папратот самовилски коси не може да расте никаде на друго место освен тука, така само тука водата стига од длабочина од сто и осумдесет метри и од уште поважна историска длабочина од триесет и осум илјади години. Старост доволна да не се јави сомневање во причините за нејзиното постоење и обраќање на светот.

Оттаму и моето општење со минатото. Древноста што овде се вдишува е наполно автентична и не може да ѝ се одолее. Духот најпрвин ја губи ориентацијата, а потоа и поимот за време, а тогаш и телото ја губи ориентацијата, а потоа и поимот за простор. Оваа своевидна нирвана ме претвора во голем знак прашање. Дали неротките во овој амам, по некоја случајност, ги услужувал некој маж прочуен по здравото семе? Дали оваа бања била машки харем за неутешните неротки? Какво само уживање би можел да биде овој скриен базен за беговите, пашите, везирите или султаните, сеедно дали тие биле негови домаќини или гости! Независно кој пол ја опслужувал оваа активна вода и нејзините капачи – велат, пишува во еден изгубен текст, дека водењето љубов под овој планински млаз (со топлина од 34 степени) е еднакво на уживањето во убавините на рајските градини, на валхала и џана.

Овој амам можел да биде идеално место за карвансарај. Колку пари би оставиле овде патниците! Но, природата (а и судбината) сакала да го сокрие од премногу проодните патишта, па го однела на височина што го одбива уморниот патник од помислата да ја совлада. Затоа и го мазнеле каменот на амамот децениите и вековите, а не

прекумерната човекова рака. Иако, мора да се признае, таа рака се вплеткувала секаде и секогаш кога можела: оттаму е можно да се најдат цитати во старите ракописи (препознавајќи ги по јазикот, а без потреба задолжително да се наведе нивниот извор и времето на постанокот) што се поклопуваат со сегашноста: „До бањата е подигната зграда во која еден популарен закупец држи ресторан и соби за коначење. Пред оваа зграда има широка веранда од која се отвораат величествените панорами на природата“.

Не знам колку е популарен сегашниот закупец, било тој да е приватник или не, но не се откажал од „ресторанот“ ниту од „верандата“. Зашто, точно е, задоволството од капењето во малечкиот рајски базен не би било целосно ако потоа преку некој вид полумост не се помине на ресторанската веранда. Таа, всушност, е голем висечки трем без стакла, над длабоката планинска бездна, што со прекрасниот видик ви ги шири и мислите за кои веќе немате впечаток дека, одбиени од босанските планини и клисури што ви се речиси на дофат, ви се враќаат неплодни. А храната! По сите домашни предјадења, ве чека беговската, некој час порано нарачана од Златибор преку телефон, тукушто уловена од блискиот вруток, пастрмка-младица. Онаа што презимила без храна и штотуку почнала да јаде сè уште незагадена храна.

Но овој ресторан како цивилизациска придобивка не треба ни денес да се меша со карвансарајот од 16 век. Тој не е тоа. Денес, за оние кои би посакале да уживаат во оваа убавина подолго, малку подалеку се наоѓа хотел – рехабилитационен центар под име „Самовилски коси“ со сиот потребен комфор, но и со современ базен што, секако, не е без термална вода. Носител на нејзината радиоактивност е радонот, а каде што е радонот таму се и лекарите и физиотерапевтите. Се подразбира дека не морате да бидете болни ниту грижливи кон сопственото здравје за да дојдете на ова место. Токму така, доаѓајќи здрави, ќе си докажете себеси дека сè уште не сте се откажале од хедонизмот.

Ни Мехмед-паша Соколовиќ од амамот, од „убавата бања со кубе“, не создаде карвансарај, туку го направи нешто пониско, „до реката Дрина како Соколовиќев каменит ан или карвансарај, што под свое засолниште можеше да прими околу десет илјади коњи и камили“. Мислите дека бројките се претерани? Не би рекол. И ако





се, тогаш не премногу. Замислете само како изгледал потфатот за изградба на еден мост како вишеградскиот во седумдесеттите години на шеснаесттиот век! Во времето на Мехмед-паша Вишеград имал околу седумстотини куќи, џамија по име Селимија, чешми, околу триста дуќани, имарет што ја прехранувал градската сиромаштија, дервишки манастир – текија. Во селото Соколовиќи (што го добило името по пашата или пак пашата го добил името по него, седно), постоела Соколовиќевата џамија, но и црквиште на коешто, според преданието, пашата ѝ подигнал храм на својата православна мајка. Тоа, се подразбира, никого не треба да го чуди, под услов мнозинството луѓе да знае дека токму Мехмед-паша Соколовиќ, како везир на турскиот диван, 1557 година, лично ја обновил српската Пеќска патријаршија и на нејзино чело го поставил својот брат Макариј, како што велат изворите, во моментот „кога православието беше во хаос и распаѓање, а националната мисла на српскиот народ почна да се заборава во тешките прангии на нејзиното робување“. Некои историчари го застапуваат гледиштето дека овој, подоцнежен „велик везир со овој акт едноставно го зачувал српскиот народ од конечно истребување и пропаст“. Тоа не може да биде далеку од вистината ако се знае колку во тоа време српскиот народ, немајќи веќе сопствена самостојна држава, ѝ давал важност на единствената постојна замена за државноста – на црквата. Оттаму и раширената квалификација што важи за Мехмед-паша Соколовиќ дека бил „непоколеблив муслиман и во исто време... добар патриот кој достојно му се оддолжил на својот народ“. Тој верувал дека така го помирил исламот со својот босански крај, со српските корени и со христијанската православна вера.

Ете зошто (во моите мисли) тука, во амамот, тогаш, со мене се појави најдобриот и најпопуларниот, вистина, и оспоруваниот современ турски писател Орхан Памук – зашто тој, ако во романопишувањето има идеологија, ги посвети своите книги на врските меѓу Истокот и Западот, па така продолжи по патот по којшто чекореле некои од неговите предци. Во тоа имав прилика да се уверам и во разговорите со Памук, а не само читајќи ги неговите извонредни книги. И втората причина: неговото ремек-дело *Се викам Црвено* што се занимава со Османското Царство (делумно и од Мехмедпашиното време, како и со последиците од тоа време) мене ме информира за важните *односи* на турскиот систем – на освојувачкото владеење и освојувањето на

новиот простор за уметност внатре во тоа царство, за она за што, речиси, ништо не знаев. Поради толкавиот труд, а за добро на другите, Памук заслужи едно виртуелно (за него можеби дервишко) капење. Впрочем, од чистотата и од прочистувањето никогаш доста. Но, ни од уживањето или акшамлакот, „босанскиот обичај во приквечерината да се седне на трева, обично крај вода, и да се пие ракија низ песна и разговор".

Какви писатели би биле ако, понекогаш, крај амамот, не би акшамлачеле по малку. Под услов овој збор истовремено и рамноправно да го сфатиме хедонистички и филозофски.

Проблем е за писателот, еден од безбројните, што тој често ја меша стварноста со замисленото. Оттаму и се јавува тоа прочуено бришење на границите меѓу слученото и доживеаното. Така и временски ги изедначив средбите со луѓето блиски за мене; сакам да кажам, оние кои живееле пет века пред мене ги приближив до сопственото време, а себе и своите пријатели (или ликови, сеедно) лесно ги префрлував во животи со векови постари од нас самите. Затоа и можеше да се случи да зачестат нашите стварни и нестварни средби.

Тоа е еден од начините да се исполни писателовиот сон за временската семоќ на зборовите.

Поради тој сон, впрочем, се создаваат книгите.



# КРАЈ

Посака некој да го убие. Да, токму така. Едноставно – да биде убиен. Во последната година толку работи што му беа важни и многу од оние што ги сакаше исчезнаа од неговиот живот. Се разбира, не случајно. Сѐ беше грижливо испланирано и исто така и остварено. Мораше да признае – соперникот сѐ изврши без грешка, па, од аспект на вештината и стручноста на направеното, на ништо не можеше да има забелешки. Освен на самата основа на замислата: зошто противниците ја придвижуваа целата таа машинерија и уште потрошија толку време, пари и сили за да сотрат сѐ што му е нему мило, кога многу побрзо, поевтино и полесно ќе беше да го убијат прво и само него.

А всушност знаеше. Па тие сакаа токму тоа прашање непрекинато да си го поставува и, не наоѓајќи одговор, на крајот да се почувствува толку осамен и, пред сѐ, напуштен, што самиот ќе посака да го нема веќе. Бидејќи, да се гледа како саканите, драги и верни му исчезнуваат пред очи еден по еден, мораше да боли, а покрај сето тоа, и траеше. Да го убиеја *прв* и *веднаш*, ќе го немаше мачењето што му го посакуваа, а потоа и му го одредија. Впрочем, по толку децении во власта и на самиот нејзин врв, можеше да го чека ваков или некој сличен пресврт. Така е, изгледа, од почетокот на светот; подемот најчесто бил поврзан со падот. Кој бил горе, морало да биде и долу. Но, на сите им следувал еднаков редослед. Да, секој кој бил горе морало, пред подемот, да биде долу. А дали и по тоа горе баш секој морало да падне и долу, е прашање. Нему така му се падна. Или, како што велат, така му било пишано. Или падот самиот го повика.

Вистина, неговиот пад беше некако буквален. Никој не го смени, не го симна или заобиколи во некоја нова распределба. (Што значи дека сето тоа заедно и не било планирано.) Падна од еден единствен жесток убод со нож право во срцето и така, сега, лежејќи во баричка од крв, гледаше во целиот свој изминат живот како да го сложува пред смртта за да не го заборави.

Ете, желбата му се исполни: беше убиен.

Чудно како смртта може да биде олеснување! Се разбира дека убијците не го направија тоа за да покажат милост. Насилната смрт за време на неговото владеење беше секојдневно присутна како вообичаена појава; нијансите